# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОСВЕТНАТАИНСПЕКЦИЈА

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.41 од 27.02.2014 година**

**Член 1**

Во Законот за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија" број 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13 и 164/13), во членот 5 ставот 2 се менува и гласи:
„За именување на директорот на Државниот просветен инспекторат се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Македонија од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик. "
По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:
„За директор на Државниот просветен инспекторат може да биде именувано лице кое ги исполнува следниве услови:
1) е државјанин на Република Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнати најмалку 300 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
4) има минимум пет години педагошко работно искуство во воспитанието и образованието;
5) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
- ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
- ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
- ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
- ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) - положен,
- БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
- АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2) и
6) има положено психолошки тест и тест за интегритет."

**Член 2**

Во членот 20 став 1 по зборот „исполнување" се додаваат зборовите: „и вреднување".

**Член 3**

Во членот 36 по ставот 3 се додаваат два нови става 4 и 5, кои гласат:
„Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако не се води е-дневник врз неделна основа во основото и средното училиште.
Глоба во износ од 600 евра во денарска противвредност во мандатна постапка ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице во правното лице ако не се води е-дневник врз неделна основа во основото и средното училиште."
Ставовите 4 и 5 стануваат ставови 6 и 7.
Во ставовите 6 и 7 кои стануваат ставови 8 и 9 бројот „4" се заменува со бројот „7".

**Член 4**

Директорот на Државниот просветен инспекторат именуван до денот на започнувањето на примената на овој закон продолжува да ја врши функцијата до истекот на мандатот за кој е именуван.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за просветната инспекција.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а одредбите од членот 1 од овој закон ќе започнат да се применуваат по една година од денот на влегувањето во сила на овој закон, освен одредбите кои се однесуваат на условот за познавање на странски јазик кои ќе започнат дасе применуваат по две години од денот на влегувањето во сила на овој закон.